# Ашун ме

Aśun Me

Билтен 2 | Ноември 2025

## Преглед на напредокот на проектот

Изминативе неколку месеци, партнерите на Ашун ме проектот, преминаа на следната фаза за младинско зајакнување и нивно вклучување во креирање на политики. По објавување на публикацијата на Транснационалниот извештај за Мапирање и спроведувањето на нашите работилници за соработка, сите партнери ги завршија активностите од Работен Пакет бр.2. Наодите од овој пакет ни помогна за формата и дизајнот на содржината на Комбинираната програма за обуки и Прирачникот за Уметност од Пакет под број 3. Овој период бележи значаен напредок во зајакнување на соработката помеѓу младите Роми, младите работници и креаторите на политики.

## Вклученост на заедницата

Како што проектот напредува, партнерите обезбедуваат широка дисеминација, зголемена видливост и активен ангажман меѓу ромската заедница, младинските организации, локалните чинители и носителите на политики.

Досега, преку нашите активности за дисеминација, средби, медиумски и онлајн, веќе имаме информирано и вклучено до над 9.000 лица.

## Работилници за соработка

Во текот на Јули-Септември 2025, сите партнерски организации ги спроведоа Работилници за соработка, дизајнирани за пилотирање на Методологијата на Ашун ме и за поврзување на младите Роми и младинските работници преку водени дијалози, градење доверба и вежби ориентирани кон политики. Во рамките на конзорциумот, во оваа фаза беа вклучени 108 млади Роми и младински работници.

Низ градовите во Романиа, Грција, Северна Македонија, Германија, и Ирска, темите на работилниците ги вклучуваа:

- Заедничко согледување на предизвиците во заедницата
- Мапирање на политики и идентификување на можности на влијание
- Раскажување на приказни и искуства како алатка за застапување
- Градење на доверба за вклучување во институции
- Од повратните информации од партнерските земји покажаа дека овие работилници ги зајакнаа учесниците, ја зацврстија соработката, помеѓу младите Роми и младите работници.

Ašun Me

## Тренинг програма и уметнички прирачник

Партнерите на проектот работат на развој и финализирање на Програмата за обука и Уметничкиот прирачник за ромска младина. Овие ресурси опфаќаат обука со комбинирано учење (blended learning) и материјали кои ги поврзуваат граѓанското образование, застапувањето, политичкото учество и филмската продукција.

Ресурсите се засноваат на пристап на неформално учење, проследен со практични вежби и дигитални алатки што младите можат да ги применат во реални ситуации на застапување.

## Online средби

Во текот на проектот, партнерите продолжуват да се состануваат месечно, со цел да го разгледаат напредокот, да ги координираат идните активности и да осигураат цврста соработка во рамки на сите работни пакети. Овие состаноци се простор за споделување и адресирање на предизвици и оддржување на конзистентен и висококвалитетен, пристап во поддршката за учеството и застапувањето на младите Роми



## Што е следно?

Следната фаза од проектот ќе биде насочена кон претворање на знаењето во конкретна акција преку уметничко застапување и активности за политички ангажман. Таа ќе вклучува: комбинирана обука (Blended Training) за ромска младина, Уметнички алатник за продукција на кратки документарни филмови, работилници за креирање документарци во секоја партнерска земја, дигитални тркалезни маси што ќе ги поврзат младите со носителите на одлуки, подготовка на збирка со политички препораки (policy brief booklet), како и поднесување на 18 предлози за промена на политики со цел зајакнување на Националните стратегии за интеграција на Ромите.

Овие активности ќе ги поддржат младите Роми во изразувањето на нивниот глас, користејќи ја документарната продукција како средство за системска промена и позиционирајќи се како активни учесници во демократскиот живот.

## Останете поврзани

За да го следите нашиот прогрес, пристап до новости, резултати и ресурси, посетете ја нашата проектна веб страна : https://asun-me-project.eu/

INSTITUTE for ROMA and MINORITIES INCLUSION | JANUS | Center for Not-for-profit Law | la xixa CREATIVE SOCIAL INNOVATION | Roma Resource Center / Ромски Ресурсен Центар / Romano Resursno Centro | symplexis

Co-funded by the European Union

Финансирано од Европската Унија. Ставовите и мислењата изразени во овој документ се исклучиво на авторот(ите) и не мора нужно да ги одразуваат ставовите на Европската Унија или на Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија ниту EACEA не можат да се сметаат за одговорни за нив. Број на проект: 2024-1-RO01-KA220-YOU-000254912